Во Египет и Мала Азија 2 500 години пред новата ера како платежно средство се користеле благородни метали (злато, сребро и бакар).
Првите ковани пари се појавуваат во VII век пред нашата ера, во грчката провинција Лидија. Ги исковал лидискиот крал Ардис, втиснувајќи го својот жиг на парче електрум - природна легура од злато и сребро.
Најстарите ковани пари во Европа се грчките пари.





Сè до IV век п.н.е. на кованите пари не се прикажуваат ликови на познати личности. По смртта на Александар Македонски (323 година п. н.е.) неговите наследници му даваат обележје на божество и неговиот лик се појавува на кованите пари.





Најстарата банкнота се појавила во Кина. Не се знае точниот датум кога е издадена, но најстарата зачувана банкнота датира од 840 година.





Во Европа првите банкноти се отпечатени во 1661 година во Шведска.
До крајот на Втората светска војна луѓето плаќале со пари.
Потоа почнале да користат други видови за плаќање (чековите и разни електронски или платежни картички.
Во најново време плаќањата се вршат преку интернет.





## Што научивме:



- Пред 2 800 години луѓето почнале да ги користат кованите пари, бидејќи така било попрактично.
- Книжните пари не се толку стари како кованите пари. Луѓето ги користат околу 200 години.
- Денес за плаќање повеќе се користат разни електронски или платежни картички.

За крај би сакале ве поздравиме и да ви посакаме убаво лето. Да се одморите и да ни раскажете како сте си поминале...

А следната учебна година повторно ќе другаруваме со нови теми и содржини од областа на финасиите и економијата.

ДО ВИДУВАЊЕ ДО ЕСЕН!





Наградени во ова коло

1. Ана Божиновска, 5 одд.,
ООУ“Даме Груев“ – Битола
(награда – касичка)



2. Данил Панов, 5–1 одд.,
ООУ „Кузман Шапкарев“ – Драчево, Скопје
(награда – сложувалка)



3. Јована Стојчевска, 4–б одд.,
ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Македонска Каменица
(награда – паричник)

